**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-243/5**
**Скопје, 15.06.2007 година**

**До**

**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ОПШТА БОЛНИЦА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена установа Општа болница Кичево (во понатамошниот текст Општа болница) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Општа болница за 2005 година и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Шазиман Алили - в.д. Директор на Општата болница до 29.09.2006
   - Д-р Љупче Ристески - в.д. Директор на Општата болница од 29.09.2006

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 06.03–05.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Систем на интерни контроли во процесите*

При ревизија на системот на интерни контроли во Општата болница, се утврди непостоење на пишани процедури кои ќе осигураат поделба на надлежностите и одговорностите на вработените, што доведува до дуплирање на работата, судир на надлежности, неизвршување важни надлежности, недоразбирање и друго, кои резултираат со неефикасност, слаба внатрешна сметководствена контрола во субјектот, незаконско и ненаменско користење на средства.

Ревизијата препорачува Општата болница да изготви пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани задожениіата на вработените. Пишаните процедури, инструкциите и доделување на задолженија придонесуваат за елиминирање на пропусти и слабости во работењето на субјектот.

### *10.2. Неправилна примена на акти:*

10.2.1. Општата болница приходите за извршени здравствени услуги во текот на годината ги евидентира според пресметковното сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во текот на годината, овозможува неверодостојни билансни позиции во текот на годината.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

10.2.2. Набавката на лекови и медицински материјали од Листата на лекови се вршат од добавувачите избрани како најповолни, по претходно спроведена постапка за јавна набавка од страна на Фондот. При тоа Фондот доставува Преглед на склучени договори кој содржи податоци за видот на лекот кој може да се набави од најповолниот добавувач и вкупната количина за сите здравствени установи, но не и за количината на лекови кои Општата болница

може да ги набави во тековната година. За набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот. Со вака воспоставен начин на набавка на Општата болница и се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Општата болница набавката на лекови и медицински материјали да ја врши врз основа на Преглед на утврдени количини на лекови и медицински материјали кои може да се набават во тековната година, изготвен и доставен од страна на Фондот.

10.2.3. Во текот на годината набавката на медицински материјали се врши од најповолниот понудувач, врз основа на претходно спроведен тендер од страна на Општата болница. Со ревизијата е утврдено дека цените за испорачаните медицински материјали наведени во фактурите, не одговараат со цените во понудата и склучениот договор за набавка, во вкупен износ од 75 илјади денари, што не е во согласност со законските прописи. Поради неспроведена контрола на фактурите од страна на Општата болница истото има влијание на зголемување на расходите.
Во текот на ревизијата преземени се мерки за отстранување на неправилностите, односно извршено е усогласување со добавувачите во поглед на договореното со книжни одобренија.

10.2.4. Општа болница до 31.08.2006 година има склучено од 9 до 16 договори за дело (месечни) за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, а не за привремени и повремени работни задачи. Ангажирањето на лицата е извршено спротивно на Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства во износ од 665 илјади денари, како и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.
На 01.09.2006 година Општата болница престанала со ангажирање на лица по договор на дело поради добиено Известување бр.13-9454/1 од 01.09.2006 година од Министерството за здравство со кое не се дозволува таквото ангажирање.

10.2.5. Најниската плата во нето износ се утврдува така што износот на најниската плата (во износ од 3.400 денари) се множи со соодветниот коефициент за одделни степени на сложеност утврдени во Колективниот договор за здравствената дејност. Основната плата се зголемува за додатоците на плата утврдени во Законот за работни односи и Колективниот договор за здравствената дејност на РМ. Вкупниот износ на додатоците на платата не може да изнесува повеќе од 20% од платата на работникот, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметката и исплата на платите во здравствената дејност. Вработените со подолг работен стаж кои во текот на месецот остваруваат и други додатоци од плата ( прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници ) го надминуваат утврдениот процент со Спогодбата.

**Препорака:**
Надлежните органи да превземат активности за усогласување на интерните акти (Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметката и исплата на платите во здравствената дејност) со одредбите на Законот за работни односи и Колективните договори.

### 10.3. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.3.1. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги (партиципација) кои претставуваат приход на ФЗОМ не се уплатени во Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради неуплаќањето на средствата, Општа болница на ден 31.12.2006 година има обврска кон Фондот по овој основ во износ од 5.127 илјади денари. Дел од обврската за партиципација во текот на годината се пребива со доставена Изјава за компензација од страна на Фондот.

**Препорака:**
Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги редовно да се уплатуваат во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

### *10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

10.4.1. Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства за износ од 808 илјади денари, спротивно на член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради пресметковниот начин на евиденција во минати години. Непримената на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години овозможува нереални и необјективни билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорниот работник за сметководствени работи на Општа болница да изврши усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.4.2. Пописот на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2006 година, не е извршен согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници односно не е утврден правниот основ и старосната структура на истите. Поради непочитување на законската регулатива, истото има влијание на реалноста на овие билансни позиции.

**Препорака:**
Пописот на побарувањата и обврските да се изврши согласно законските прописи.

10.4.3. Позицијата Активни временски разграничувања и Краткорочни обврки за плати и други обврски спрема вработените се помалку искажани под 31.12.2006 година во износ од 3.437 илјади денари, поради неевидентираната обврска за плата за месец Декември 2006 година исплатена во јануари 2007 година, спротивно на член 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание врз реалноста на финансиските извештаи на овие билансни позиции.

### *10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

10.5.1. ***Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки***

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Групните јавни набавки да се спроведуваат по претходно склучен договор за групна набавка. Согласно член 2 од Законот за јавни набавки под „Групна набавка„ се подразбира набавка која е од интерес за повеќе набавувачи.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2, 10.3 и 10.4. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗУ Општа болница - Кичево на ден 31 декември 2006 година и резулататот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 10.2.,10.3. и 10.5. кај ЈЗУ Општа болница Кичево е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи заклучно со 31 декември 2006 година.

13. Општата болница извршува здравствени услуги врз основа на Програми за здравствена заштита донесени од страна на Владата на Република Македонија со кои се утврдени мерките, задачите и активностите, содржината, обемот и роковите за нивно извршување, како и финансиски средства за остварување на ниво на програма. За извршените услуги Општата болница фактирура до Министерството за здравство, кое префрла средства во помал износ од реално извршените услуги, поради неутврдените критериуми за распределба на средствата по јавни здравствени установи. Ова доведува до зголемување на побарувањата на Општата болница од Министерството за здравство и намалување на можноста за нивна наплата.

14. Со Делбениот биланс направен со 31.08.2005 година дел од Позицијата Инвестиции во тек во Билансот на состојба, кој се однесува на изградба на Здравствен дом – Кичево, во сметководствената евиденција на ЈЗУ Општа болница евидентиран е износ од 80.841 илјади денари, а останатиот дел од износот е евидентиран кај другиот правен наследник на Медицински центар, т.е. кај Здравствен дом Кичево ( целата инвестиција изнесува 121.262 илјади денари). Оваа инвестиција потекнува од 1990 година, со потпишан договор за градење помеѓу МЦ Др.Трифун Паноски Битола ООЗТ Здравствени служби - Кичево и ГП Гранит- Скопје. Во информацијата доставена од ЈЗО МЦ ПО Кичево од 17.06.2004 година до Владата на РМ, се објаснува дека дека градбата е започната во 1990 година за да се престане со работа на објектот од објективни причини.

    Во период од 1991 година до Август 1998 година, нема извршување на градежниот објект. Во јуни 1998 година склучен е Анекс бр.1 кон основниот Договор помеѓу Министерството за здравство-ФЗО-Скопје и ЈЗО МЦ Кичево за продолжување и довршување на изградбата на објектот поликлиника-Здравствен дом МЦ Кичево, според предмер пресметка на изведувачот, а која не ни беше доставена. Во декември склучен е уште еден Анекс бр.2, помеѓу Министерството за здравство,

ЈЗО МЦ Кичево и ГД Гранит АД Скопје, за продолжување на изградбата на објектот, според предмер пресметка на изведувачот, но и таа не ни беше доставена. Објектот, со денот на завршување на ревизијата сеуште е незавршен и нема одвивање на градежни работи. Имајќи во предвид дека до денот на завршување на ревизијата, објектот не е завршен, нема одвивање на градежни работи а е подлежен на руинирање и оштетување, ревизијата препорачува надлежните органи да ги превземат сите потребни активности и мерки заради заштита на објектот.

15. Во тек е судски спор, од страна на Плива Скопје против ЈЗУ Општа болница Кичево, по основ на неплатени фактури за набавка на лекови од позитивна листа преку ФЗОМ, во износ од 893 илјади денари, чиј исход ке има влијание на износот на обврските во финансиските извештаи во наредниот период.

***16. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Општата болница во текот на ревизијата, а се однесува на:***

16.1. Во текот на ревизијата со налог за книжење 84 од 21.03.2007 година е прифатено и корегирано следново:

- намалена е вредноста на Материјалните средстава и Државниот-јавен капитал, за износ од 5.029 илјади денари,
- зголемени се Побарувањата за дадени аванси, депозити и кауции и Краткорочни обврски спрема добавувачи, за износ од 1.191 илјади денари,
- зголемени се Побарувањата и Примени аванси, депозити и кауции, за износ од 6 илјади денари,
- намалени се Останат капитал, Отстапување од цената на материјалите, Други АВР и Материјали на залиха, за износ од 47 илјади денари.

**Скопје, 14.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈЗУ Општа болница Кичево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9,485 | - |
| Капитални приходи | 1,625 | - |
| Трансфери и донации | 78,899 | - |
| **Вкупно приходи** | **90,009** | **-** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 49,804 | - |
| Стоки и услуги | 39,539 | - |
| Субвенции и трансфери | 16 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **89,359** | **-** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 558 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **558** | **-** |
| **Вкупно расходи** | **89,917** | **-** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **92** | **-** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишок на приходите** | 14 | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **78** | **-** |

* за 2005 година нема податоци, поради трансформација на МЦ Кичево на 31.08.2005 г. во нов субјект ЈЗУ Општа болница Кичево

**ЈЗУ Општа болница Кичево**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 25 | 248 |
| Побарувања | 72,773 | 67,911 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,191 | 0 |
| Побарувања од вработените | 18 | 46 |
| Финансиски и пресметковни односи | 193 | 193 |
| Активни временски разграничувања | 17,914 | 4,686 |
| Залихи | 1,891 | 3,879 |
| **Вкупно тековни средства** | **94,005** | **76,963** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 10,014 | 10,014 |
| Материјални средства | 45,584 | 58,596 |
| Материјални средства во подготовка | 80,841 | 80,841 |
| **Вкупно постојани средства** | **136,439** | **149,451** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **15,673** | **15,673** |
| **Вкупна актива** | **246,117** | **242,087** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 18,323 | 22,770 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 6 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 2,063 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 47 | 6 |
| Финансиски и пресметковни односи | 5,127 | 4,721 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 126 | 202 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 3,439 |
| Пасивни временски разграничувања | 81,504 | 80,449 |
| **Вкупно тековни обврски** | **107,196** | **111,587** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 138,921 | 130,500 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **138,921** | **130,500** |
| **Вкупна пасива** | **246,117** | **242,087** |

**ЈЗУ Општа болница Кичево**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **128,312** | **2,188** | **130,500** |
| **Зголемување по основ на:** | **22,678** | **19,895** | **42,573** |
| Набавки | 730 | 18,429 | **19,159** |
| Корекции од субјектот | 21,948 | 1,466 | **23,414** |
| Корекции по ревизијата | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **13,960** | **20,192** | **34,152** |
| Расход по попис | 51 | 104 | **155** |
| Корекции по ревизијата | 5,247 | 47 | **5,294** |
| Амортизација | 8,662 | - | **8,662** |
| по испратници издадени материјали | - | 20,041 | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **137,030** | **1,891** | **138,921** |